Врз основа на член 36 став 1 алинеја 18 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (“Службен весник на РСМ“ бр.102/19), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 29.03.2022 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
## за формирање и работење на Комисиите на Судскиот совет на Република Северна Македонија за редовно и вонредно оценување

**Општи одредби**

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на формирање и работење на Комисија за оценување на работата на судијата и претседателот на судот ( во натамошниот текст: Комисија за оценување) и Комисија за повторно оценување на работата на судијата и претседателот на судот (во натамошниот текст: Комисија за повторно оценување).

Член 2

(1) Комисиите од членот (1) на овој правилник се избираат од редот на членовите на Советот со право на глас по пат на ждрепка. Претседателот на комисијата се избира со ждрепка од редот на членовите на Комисијата.

(2) Комисиите од ставот (1) на овој член се составени од три члена на Советот, од кои два се од редот на членовите избрани од страна на судиите, а еден од редот на членовите избран од Собранието на РСМ.

(3) Во Комисијата за повторно оценување не може да членуваат лицата кои се членови на Комисијата за оценување.

Член 3

(1) Бројот на Комисиите од членот (1) го утврдува Судскиот совет на Република Северна Македонија.

(2) Комисиите се формираат за редовно или вонредно оценување, и имаат мандат да го спроведат само оценувањето за кое истите се формирани. За секое следно редовно или вонредно оценување Советот формира Комисии.

(3) Комисиите имаат секретар избран од редот на вработените во Стручната служба на Советот.

**Комисија за оценување на работата на судија**

Член 4

(1) Комисијата за оценување ја утврдува исполнетоста на критериумот квалитет на ажурно постапување по судски предмети со под-критериумите предвидени во членот 80 став 1 алинеја 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: законот), преку увид во податоците од автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети согласно член 81 став 2 од законот.

(2) Квалитетот за ажурно постапување предмети се бодува согласно табелата од членот 84 став 2 од законот.

(3) Исполнетоста на критериумот квалитет на работа на судијата, Комисијата ја утврдува преку пресметување на бројот на укинати одлуки заради сторена битна повреда на постапката во однос на вкупниот број на решени нормирани предмети во периодот во кој се оценува судијата.

(4) Пресметката и бодувањето на овој критериум се врши согласно табелата од членот 84 став 3 од законот.

Член 5

(1)Комисијата за оценување исполнетоста на квантитативниот критериум за обемот на работа на судијата го вреднува преку бројот и видот на решени предмети во однос на ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно.

(2)Пресметката и бодувањето на овој критериум се врши согласно одредбите од членот 86 став 2 и 3 од законот.

(3)Исполнетоста на квантитетот на работата на судијата во делот на бројот на преиначени одлуки во однос на вкупниот број на решени предмети, Комисијата го врши преку увид во автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети.

(4) Пресметката и бодувањето на овој критериум се врши согласно табелата од членот 87 од законот.

**Комисија за оценување на работата на претседател на суд**

Член 6

Комисијата за оценување на работата на претседател на суд, оценувањето го врши согласно закон и Методологијата за квалитативно оценување на претседателите на судовите.

Член 7

(1) Комисијата за оценување донесува одлука за започнување на постапката за оценување на работата на судијата и на претседателот на судот.

(2) Со одлука за секој суд се одредува датумот кога Комисиите за увид и оцена започнуваат и завршуваат со постапката на оценување и судот во кој се врши оценувањето .

(3) Во одлуката од ставот (2) на овој член се наведуваат и име и презиме на претседателот на судот и судиите од тој суд во чија работа се врши увид и оцена и периодот на оценувањето.

Член 8

Комисијата за оценување ја координира работата на Комисиите за увид и оцена; дава насоки и напатствија за работата на Комисиите за увид и оцена; расправа по спорните прашања во врска со постапката за оценување; дава предлози и врши други работи во врска со постапката за оценување согласно на закон.

Член 9

(1) Комисијата за оценување врши пресметување на резултатите добиени од квалитативни и квантититавни критериуми, од средната оцена за работа дадена од Комисиите за увид и оцена, како и ефективното време на работа.

(2) Врз основа на збирот од резултатите од ставот (1) на овој член му ја предлага на Советот конечната оцена за работата на судијата и на претседателот на судот.

**Комисија за повторно оценување**

Член 10

(1) Комисијата за повторно оценување постапува кога по поднесен приговор на одлуката на Советот за оцена на работата на судијата или на претседателот на судот, Судскиот совет односно Советот за жалби при Врховниот суд на Република Северна Македонија донел одлука за повторно оценување на работата на судијата или претседателот на судот во смисла на член 96 став 4 и 5 од законот .

(2) Комисијата за повторно оценување изготвува и доставува до Советот извештај за повторно оценување на работата на судијата или претседателот на судот.

**Записник**

Член 11

Комисиите за својата работа составуваат записник .

**Одговорност на комисиите**

Член 12

За својата работа Комисиите одговораат пред Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Преодни и завршни одредби**

Член 13

Овој правилник се објавува на веб страна на Судскиот совет следниот ден по неговото донесување, а ќе отпочне да се применува во следното оценување на работата на судиите и претседателите на судовите.

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
**Заменик претседател - Zëvendës Kryetar**
**M-r.Selim Ademi**

**Бр.01- 548/1**
**30 март 2022 година**
**Скопје**